MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број12-1680/3 од 27.02.2025г.*
*Ш т и п*

Врз основа на чл.20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РС Македонија бр. 13/06, 86/2008, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16, 64/18 и 101/19)) Општина Штип донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за целосно прифаќање на

Барањето со број 12-1680/1 поднесено од [redacted], за пристап до информации од јавен карактер.

1. Дали во 2024 година вработените во Вашата општина учествувале на обуки за развивање на дигитални вештини?

- Ако да, Ве молиме наведете го името на обуката, датумите на одржување на обуката и бројот на вработени од Вашата општина кои учествувале на обиуката

2. Вкупен број на сите услуги за физички и правни лица кои ги испорача Вашата општина во 2024 година?

- Физички
- Правни

3. Вкупен број на е-услуги за физички и правни лица кои ги испорача Вашата општина во 2024 година?

-физички

- правни

4. Дали Вашата општина предвидува дигитализација на услуги во 2025 година?

Ако да, Ве молиме наведете го името на услугата и информација за тоа дали општината има утврдено посебен буџет за нив со точниот износ во денари.

5. Дали во 2024 година, Вашата општина спроведе годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински услуги сакаат да им бидат понудени?

- Ако да, Ве молиме доставете копија од повикот за анкетирање и извештај од собраните

мислења/предлози.

- Ако не, на кој начин го прибирате мислењето и предлозите од граѓаните за развој?

- 6. Дали Вашата општина предвидува воведување на нови услуги во 2025 година?

- Ако да, Ве молиме наведете го името на услугата, начинот на нејзино користење (е-услуга или услуги со физичко присуство) и информација за тоа дали општината има утврдено посебен буџет за нив со точен износ во денари.

- Доколку не е предвидено воведување на нови услуги во 2025 година, кои се причините за тоа?

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted], поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено под број 12-1680/1 со кое се бара да и се достават следниве информации:

1. Дали во 2024 година вработените во Вашата општина учествувале на обуки за развивање на дигитални вештини?

    - Ако да, Ве молиме наведете го името на обуката, датумите на одржување на обуката и бројот на вработени од Вашата општина кои учествувале на обиуката

2. Вкупен број на сите услуги за физички и правни лица кои ги испорача Вашата општина во 2024 година?

    - Физички

    - Правни

3. Вкупен број на е-услуги за физички и правни лица кои ги испорача Вашата општина во 2024 година?

    -физички

    - правни

4 . Дали Вашата општина предвидува дигитализација на услуги во 2025 година?

Ако да, Ве молиме наведете го името на услугата и информација за тоа дали општината има утврдено посебен буџет за нив со точниот износ во денари.

5.Дали во 2024 година, Вашата општина спроведе годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински услуги сакаат да им бидат понудени?

- Ако да, Ве молиме доставете копија од повикот за анкетирање и извештај од собраните мислења/предлози.

- Ако не, на кој начин го прибирате мислењето и предлозите од граѓаните за развој?

6. Дали Вашата општина предвидува воведување на нови услуги во 2025 година?

- Ако да, Ве молиме наведете го името на услугата, начинот на нејзино користење (е-услуга или услуги со физичко присуство) и информација за тоа дали општината има утврдено посебен буџет за нив со точен износ во денари.

- Доколку не е предвидено воведување на нови услуги во 2025 година, кои се причините за тоа?

Општина Штип како имател на бараната информација Ви го доставува бараниот документ.

1. Вработените во Општина Штип не учествувале на обуки за развивање на дигитални вештини во 2024 година.

2. Вкупениот број на сите услуги за физички лица кои ги испорача Општина Штип во 2024 година изнесува 1156, а вкупен број на сите услуги за правни лица кои ги испорача Општина Штип во 2024 година изнесува 181.

3. Општина Штип во соработка со Центарот за регионален развој на источниот плански регион започна со воведување на 16 услуги кои се дигитализираат и овој процес ќе биде заокружен во 2025 година. Станува збор заследните услуги:

- Следење и контрола на процес при легализација на диво градби
- Барање за издавање извод од урбанистички план,
- Барање за издавање потврда за катастарска парцела,
- Барање за издавање потврда за точна адреса, промена на улица и број,
- Иницијатива за воведување инспекциска постапка,
- Барање за користење јавни прометни површини (плоштади и др. јавни места, продажба на ситни производи, поставување на урбана опрема, истакнување реклами, објави и огласи),
- Барање за дозвола за поставување телефински, телеграфски и други кабловски водови,
- Барање за одобрение за раскопување на улица, коловоз, јавна или зелена површина,
- Барање за решение за времена измена на режим на сообраќај,
- Поднесување на иницијатива до Градоначалник на општината

*Општина Штип ул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Македонија*
Одделение за информирање на граѓаните Тел: (032) 22 66 21 ***Факс: (032) 22 66 01***
***Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: suncica.gjufteska@stip.gov.mk***

- Поднесување на иницијатива до Совет (на општината, на Источен плански регион, за социјална заштита и ИПР)
- Поднесување на предлози до Центарот за регионален развој на Источниот плански регион,
- Барање за издавање на потврда за усогласеност со Стратегија за ЛЕР
- Барање за сунвенции (за инвертери, за сончеви колектори, за велосипеди, за фотоволтаици)
- Барање за стипендија на талентирани ученици и студенти,
- Барање за еднократна финансиска помош.

4. Општина Штип работи согласно Законот за локална самоуправа во кој се дефинирани надлежностите на општината. Општина Штип ги дава сите услуги на физичките и правните лица препишани со Законот.

   Граѓаните своите предлози може да ги доставуваат преку Архивата на општината, преку МЗ И УЗ и да ги оставаат во сандачиња за таа намена поставени во главниот хол на општинската зграда.

5. Општина Штип предвидува воведување на Поднесување на иницијатива до Источен плански регион, за социјална заштита и ИПР.

Поздрав,

Лице за доставување информации

согласно ЗСПИЈК

Сунчица Ѓуфтеска